**20080480814**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

Врз основа на член 360 став 3 и член 417 алинеја 17 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 54/2007), министерот за внатрешни работи донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА КРИТЕРИУМИТЕ ВО ОДНОС НА ПРОСТОРНИТЕ УСЛОВИ И ОПРЕМАТА И ЕВИДЕНЦИИТЕ ШТО СЕ ВОДАТ ВО ОВЛАСТЕНИТЕ ПРАВНИ ЛИЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ТЕХНИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ВОЗИЛАТА

## I. ОПШТА ОДРЕДБА

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат критериумите во однос на кадровските, просторните и техничките услови, опремата и евиденциите што се водат во овластените правни лица за вршење на технички преглед на возилата (во натамошниот текст: овластено правно лице).

## II. КРИТЕРИУМИ ВО ОДНОС НА КАДРОВСКИТЕ УСЛОВИ

Член 2

Организацијата на работа за вршење на техничкиот преглед и следење и уедначување на критериумите за вршење технички преглед на возила, давање стручна помош и инструирање на стручните лица кои го вршат техничкиот преглед и стручniot надзор над квалитетот и законитоста во вршење на техничкиот преглед во овластеното правно лице го врши раководител со завршено високо образование од соодветната струка (Машински факултет- насока за моторни возила, Електротехнички факултет, Сообраќаен факултет- насока за патен сообраќај) и со работно искуство од најмалку три години од областа на моторни возила.

Технички преглед на возилата во овластеното правно лице вршат најмалку две стручни лица за вршење на технички преглед кои имаат:

- завршено средно стручно образование од сообраќајна, машинска или електротехничка струка;
- завршено специјалистичко образование за занимање контролор за вршење на технички преглед на моторни возила;
- лиценца издадена од Министерството за внатрешни работи;
- возачка дозвола за управување на возило најмалку од “Б“ категорија и
- работно искуство од најмалку три години од областа на моторни возила.

## III. КРИТЕРИУМИ ВО ОДНОС НА ПРОСТОРНИТЕ УСЛОВИ

Член 3

Објектот што овластеното правно лице го користи за вршење na технички преглед на возила, е изграден од тврда градба, а технолошката линија на истиот е еднонасочна (со влез од една страна на објектот и излез од другата страна на објектот) и проодна за максималните дозволени димензии на возилата од категоријата на возила за чие вршење на технички преглед правното лице е овластено.

Во објектот на овластеното правно лице се наоѓаат простории за:

- административни работи од делокругот на работа на овластеното правно лице;

- технички преглед на возилата;
- регистрација на возилата и
- работа со странки.

На објектот или во негова непосредна близина, овластеното правно лице треба да постави видлива табла со натпис "Овластено правно лице за вршење технички преглед на возила".

Член 4

Подот на објектот од член 3 став 1 на овој правилник е со минимална должина од 15 метри пред уредот за испитување на кочниот систем и минимална должина од 10 метри по него.

Подот од став 1 на овој член е хоризонтален и рамен, и е изработен од: асфалт, бетон или друг сличен материјал.

Член 5

Во внатрешноста на просторот на објектот од член 3 став 1 на овој правилник потребно е да се обезбедат климатски услови, кои ќе овозможат непречено и нормално функционирање на уредите и техничката опрема.

Член 6

Просторот пред влезот и излезот на објектот од член 3 став 1 на овој правилник треба да овозможува безбеден влез и излез од истиот, а површините наменети за безбеден влез и излез од објектот се изработени од: асфалт, бетон, бехатон или друг сличен материјал.

Член 7

Пред и позади објектот од член 3 став 1 на овој правилник се обезбедува соодветна површина за минување, свртување и чекање на возилата за технички преглед.

Површините од став 1 на овој член се изградени од современа коловозна конструкција, соодветно сообраќајно уредени и одбележани со сигнализација и прописно приклучени во сообраќајот на јавен пат или улица.

## IV. КРИТЕРИУМИТЕ ВО ОДНОС НА ТЕХНИЧКИТЕ УСЛОВИ И ОПРЕМАТА ЗА ВРШЕЊЕ НА ТЕХНИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ВОЗИЛА

Член 8

За вршење на технички прегледи на возила, овластеното правно лице треба да ги поседува следните уреди и опрема:

1. Уред со валци, со кои се проверува кочната сила по тркало кај моторни и приклучни возила, кој има вградени ваги за мерење на осната маса кај истите. Уредот со валци треба да ги исполнува следните критериуми:

- да има два меѓусебно независни ротирачки валци, кои овозможуваат истовремено да се контролираат кочните сили на тркалата од една оска;
- да овозможи мерење на силата на кочење на возилата, кои што имаат перманентен погон на повеќе оски;
- да овозможи аналогно прикажување на измерените сили на кочење;
- конструкциски да биде изведен така да овозможи, покрај силата на кочење, да ги утврдува и неисправностите на системот за кочење, а особено отпорот на тркалање, овалноста на кочниот барабан или диск, нерамномерното блокирање тркалата, нерамномерноста во процесот на кочењето, како и доцнењето на одзивот на кочниците на поедините тркала на возилото;

- да обезбеди испитување на осовински притисок најмалку до 120 (KN);
- мерното подрачје на апаратот да е најмалку од 0 (KN) до 30 (KN);
- да содржи комплет од најмалку два сензори за мерење притисок во пневматските кочни системи, соточност +/-0,1 (bar) до вклучително 5(bar) притисок и +/-2(%) од измерената вредност над 5 (bar) притисок.
- да овозможи графички, одосно табеларен приказ на измерените големини.
- да има вградено вага за динамичко мерење на масата на возилото по секоја оска на возилото, со точност +/-30 (kg) по оска вклучително 1000 (kg) оптоварување и +/- 3(%) од измерената вредност по оска над 1000 (kg) оптоварување.

2. уред за мерење на слободниот од на управувачот (воланот), со кој може да се утврди секој поединечен степен на агол на свртување, со точност од +/- 0,5 степени.

3. уред за контрола на насоченоста на светлата, со вграден индикатор за проверка на јачината на светлосниот сноп на: кратки и долги светла, светла за магла и направа за визирање.

Уредот од став 1 на оваа точка е поставен на нивелирано подвозје за контрола на нагоденоста на светлата, со вграден визир и мерно подрачје во опсег од -0,5(%) до -3,5(%), со точност +/- 0,25 (%) (апсолутно).

4. динамометар за мерење на силата на притискање на командата на кочниците, кој може лесно да се стави на секоја команда, како и уред за мерење притисокот во пневматските кочни системи кои треба да се изведени така што овозможуваат мерење на силите односно притисоците истовремено со мерење на силите на кочење на обемот на тркалата на возилото.

5. компресор (или приклучок на компресорска станица) со манометар и приклучок за контрола на притисокот во пневматиците.

6. мерач (Нониус) за длабочината на шарата на пневатикот, односно мерило за мерење на длабочината на гумениот профил на пневматиците, со точност +/- 0,1 mm.

7. уред за мерење на бучавата што ја емитуваат возилата (Фонометар) што ги исполнува следните критериуми:

-да ги задоволува стандардите IEC 651 тип 1, IEC 60651 B тип 1 или IEC 61672 класа 1, (според карактеристика- A) со микрофон со пречник 1/2", кој што може да работи на брз- "Fast" начин.

-да овозможи одредени еквивалентни вредности на јачина на звукот (РМС).

-да овозможи мерење на бучавоста на моторот, во мерно подрачје со минимален опсег од 0 до 6000 вртежи во минута, со точност +/- 1(%) од измерената вредност +5 вртежи во минута.

8. уред за спектрално мерење на боите (Спектрофотометар).

9. метар или Метарска трака со должина од 25 m, со класа на точност III.

10. уред за мерење на чадливоста (опацитет) на емисијата на издувните гасови од возилата со дизел мотори.

Уредот од став 1 на оваа точка треба да овозможува мерење на коефициентот на затемнетост (К) на издувните гасови, мерење на бројот на вртежите и температура на моторот. На уредот треба да е поставена адекватна програмска опрема за програмско водење на процесот. Уредот треба да биде опремен со печатар за испишување на резултатите од мерењето.

11. уред за мерење на волуменскиот процент на јагленмоноксид во издувните гасови на возилата со бензински мотори.

12. стоперица или хронометар за проверка на бројот на трепкања на покажувачот на правецот.

13. индикатор за проверка на точката на испарување на течноста за кочење.

14. уред за контрола на приклучоците на електричната инсталација помеѓу моторното возило и приклучното возило.

15. уред за контрола на најголемата брзина кај велосипедите со мотор кои се опремени со варијабилни елементи на трансмисија на погонското тркало.

16. уред за всмукување на издувните гасови, кој се поставува покрај секоја технолошка линија и притоа мерното место за мерење на издувните гасови од возилото задолжително треба да има:

- систем за одвод на на издувните гасови при мерењето на проток на воздух на всисниот приклучок, кој мора да изнесува најмалку 1700 (m3/h), а најмногу 2300 (m3/h).

- всисна инка, прилагодлива по висина и агол на осовината на излезот од издувната цевка, при што мора да се овозможи всмукување на издувните гасови од сите видови хоризонтални и вертикални издувни системи.

- всисна цевка, која мора да биде отпорна на температура и хемиските влијанија од издувните гасови.

17. уред за испитување на непропустливост на плинските инсталации (детектор за плин).

18. уред за проверка на исправноста на елементите од системот за еластично потпирање и системот за водење на тркалата на возилото.

19. уред за контрола на геометријата на управувачкиот механизам (наклон, затур и насочување).

20. мерен уред за проверка на габаритот, растојанието на оските и распонот на тркалата.

21. механичарски алат.

22. уред за мерење на успорувањето на возилата на улица- (Децелерометар).

23. две подлошки за тркалата на возилото.

24. механизам за товар.

Овластеното правно лице покрај уредите и опремата од став 1 на овој член, треба да има и канал за преглед на долниот построј на возилото со минимална должина од осум метри, ширина од 0.8 до 1.0 m и длабочина од 1.4 до 1.80 m, со скалило барем од едната страна на каналот, со вградено осветлување на горниот раб на каналот од најмалку 250 лукса и едно подвижно светло, со напон од 24 (V), кое е постојано заштитено. Во каналот задолжително треба да е обезбедена соодветна заштита од пожар, односно поставување на вентилатор во "Edge"- верзија и стабилен систем за детекција на запаливи смеси (пропан бутан и др.).

Каналот од став 2 на овој член треба целосно да биде обложен со керамички плочки или од други материјали со исти svojstva. На почетокот на каналот треба да има исполнет полукружен остров. На горниот раб на каналот и островот, треба да е обложен со метален профил со висина од најмалку 7 cm, со што ќе се зголеми безбедноста на возилата од паѓање на возилата во каналот. На одредени делови од каналот може да не се поставува рабник, поради специфичноста на одредени уреди, кои го оневозможуваат негово поставување. Каналот треба да биде опремен со каналска дигалка (хидраулична или пневматска) за подигање најмалку една оска на возилото со носивост најмалку 12 t. Каналот треба да има вградено хидрауличен уред за контрола на зјајот во системот за управување, водење и потпирање на возилото. Во одредени случаи, по избор на овластеното правно лице, тоа може да биде опремено со маказна дигалка на која ќе биде инсталиран уредот за развлекување со вградено осветлување.

Член 9

Уредите и опремата кои овластеното правно лице ги користи за вршење на технички преглед на возилото, треба да се прегледани, исправни, типски одобрени и верификувани.

Уредите и опремата од став 1 на овој член треба да се користат согласно со техничките нормативи, метеоролошки услови и на начин предвиден со упатството на производителот.

Член 10

Овластено правно лице треба да поседува соодветна информатичка опрема поврзана во единствен систем кој ќе овозможува примена на единствено програмско решение за автоматска обработка на податоци за технички прегледаните возила и безбеден пренос на истите до автоматската евиденција на регистрираните возила што се води од страна на Министерството за внатрешни работи.

Единствениот систем од став 1 на овој член треба да овозможува:

1. меморирање на сите внесени податоци за извршениот технички преглед на возилото;
2. дневна достава на податоци до автоматската евиденција на регистрираните возила што се води од страна на Министерството за внатрешни работи;
3. автоматска проверка на внесените податоци за возилото и сопственикот во централната база на податоци во овластеното правно лице;
4. приказ на сите пропишани обрасци и други известувања потребни за вршење на технички преглед на возилата од страна на овластеното правно лице;
5. функционалност на автоматско ажурирање на податоците која ќе овозможи безбедна дистрибуција на податоците до автоматската евиденција на регистрираните возила што се води од страна на Министерството за внатрешни работи и
6. можност за проширување и исправка на внесените податоци, односно внесување на додатни податоци.

Единствениот систем од став 1 на овој член треба да овозможи и мрежно поврзување со мерните уреди и мерната опрема во овластеното правно лице, при што резултатите од мерењето по извршениот преглед на возилото се внесуваат во база на податоци како евиденција на прегледани возила во овластеното правно лице и се поддржани од соодветно софтверско решение со хардвердска заштита.

## V. ЕВИДЕНЦИИ ШТО СЕ ВОДАТ ВО ОВЛАСТЕНОТО ПРАВНО ЛИЦЕ

Член 11

За извршените технички прегледи на возилата се води евиденција која се состои од досие и регистар.

Член 12

Досието од член 11 на овој правилник се состои од: записник за технички преглед и регистрациони листови.

Член 13

Регистарот од член 11 на овој правилник, ги содржи следните податоци:

- датум на извршениот технички преглед;
- реден број на техничкиот преглед;
- регистарски број на возилото;
- вид, марка и тип на возилото;
- име и презиме на сопственикот односно назив на носителот на правото на користење на возилото;

- означување на техничкиот преглед како редовен, вонреден или превентивен;
- забелешка за заверка на регистрациониот лист и означен датум на извршување на заверката;
- забелешка за предупредување на возач на неисправно возило за некористење на тоа возило и
- забелешки.

Регистарот од став 1 на овој член се води посебно за секоја календарска година. На крајот на годината на последната страница се става забелешка за бројот на страниците и за последниот реден број, со потпис и печат на овластеното правно лице.

Ако возилото што се прегледува не е регистрирано, наместо податокот за регистарски број на возилото во регистарот се запишува забелешка „без регистарски број“.

Член 14

Регистарот од членот 11 на овој правилник може да се води рачно и на образец за автоматска обработка на податоците.

## VI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 15

Со денот на отпочнувањето на примената на овој правилник престануваат да важат одредбите од Правилникот за вршење на технички преглед на моторни и приклучни возила, трактори и земјоделски трактори („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/99) кои се однесуваат на критериумите кои мораат да ги исполнуваат објектите и просторот за вршење технички преглед на станицата за технички преглед, стручните лица и техничката опрема и уредите со кои треба да биде опремена и начинот на водење на евиденцијата за извршените технички прегледи.

Член 16

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува по шест месеца од денот на неговото влегување во сила.

Бр. 13.1-23353/1
9 април 2008 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
м-р **Гордана Јанкулоска**, с.р.